**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk**

Уп. бр. 08-138

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Арицома системс а.с со седиште на Хорнополни 3322/34, Моравска Острава, 702 00 Острава, Република Чешка, доставено преку полномошник Адвокатско Друштво Поповски и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 16.10.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува концентрацијата која се однесува на стекнувањето на целосна контрола од страна на Арицома системс а.с со седиште на Хорнополни 3322/34, Моравска Острава, 702 00 Острава, Република Чешка, над одреден имот на ДАТРОН а.с, со седиште на Вачкова 3008, 470 01 Чешка Липа., Република Чешка, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 24.09.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација која се однесува на стекнувањето на целосна контрола од страна на Арицома системс а.с со седиште на Хорнополни 3322/34, Моравска Острава, 702 00 Острава, Република Чешка, над одреден имот на ДАТРОН а.с, со седиште на Вачкова 3008, 470 01 Чешка Липа., Република Чешка.

Арицома Системс а.с е дел од Арицома Груп и се фокусира на сигурна и функционална ИТ инфраструктура (снабдување со хардвер и софтвер, дизајн и имплементација на технологија за центри за податоци, деловна мрежа, решенија или алатки за деловна комуникација и соработка за ефикасно управување со ИТ), ERP системи. Арицома припаѓа на ККЦГ Групацијата.
ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.
Во Република Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

-Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

-Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;

-Друштво за информатичка технологија АВЕНГА ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и

-Друштво за компјутерско образование и развој на иновации АВЕНГА Академи ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;

-Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Трансакцијата е во врска со стекнување на целосна контрола над одреден имот на ДАТРОН, чија приоритетна дејност е развој на сопствена WEB апликација, поддршка за аутсорсинг услуги според SLA, технолошки проекти и друга поддршка на ИКТ услуги, имплементација на проекти и апликации кои се продаваат како посебни лиценци, работа со развој на апликации по нарачка според барањата на клиентите. Исто така, се фокусира на обука за презентации на производи од семејството на Microsoft Office, вклучувајќи ја и имплементацијата на Office системот.

Делот од имотот на ДАТРОН кој се стекнува се однесува на делот на продажба на хардвер на мали и средни претпријатија и мали општини (SMB) и обезбедување на ИТ инфраструктурни услуги (инфраструктура). Формата на концентрацијата е пренос на дел од бизнисот кој опфаќа повеќе договори со клиенти, неколку договори за набавка, договори со подизведувачи и неколку договори за подиспорака, како и дел од вработените, нивната лична опрема и неколку ИТ лиценци.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од

Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mke-mail:kzk@kzk.gov.mk

Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска**

**Николиќ**